**Скопски Легури Мајнинг ДООЕЛ Скопје вработува КОМЕРЦИЈАЛИСТ**

**Главни одговорности и обврски:**

- Да ги прими барањата за набавка/изведување на стока/услуга;
- Да ги евидентира примените барања, и да отвори предмет по барање;
- Да е во контакт со техничките служби во врска со добиеното барање;
- Да побара и добие понуди за набавка на стока/услуга и да одговори на добиените понуди;
- Да побара и добие понуди за допремање, царинење, складирање согласно добиеното барање за набавка;
  - Да организира царинење на стоки од увоз, да контактира со царинските посредници,шпедитери, и да ја обезбеди потребната документација за царинење на стоките;
  - Да направи конкурентска листа за тендерска процедура и по истата да даде појаснување по ставки;
- Да ги достави основните податоци до одделот за правни работи за изготвување на договор согласно прифатената понуда од конкурентската листа;
- Да го прати допремањето на стоката или реализирањето на услугата, да обезбеди друга потребна документација согласно законот и интерните процедури и условите од Договорот;
- Да ги проследи документите за плаќање до финансискиот оддел и да обезбеди и друга задолжителна пропратна документација согласно законот и интерните процедури;
- Да води евиденција за должничко доверителниот однос со добавувачите/изведувачите на услугите;
- Да го информира магацинскиот оддел за стоката која треба да пристигне и складира;
- Да ја рекламира стоката / услугата, до добавувачот/изведувачот за сите недостатоци по квантитет и квалитет, кои се констаирани при приемот на стоката/услугата;
- Активно да се вклучи во реализација на добиените задолженија од страна на неговиот претпоставен.

**Очекувани квалификации, потребни знаења и способности:**

- Високо образование, 240 кредити, од економска или техничка струка;
- Активно познавање и користење на пишан и говорен Англиски јазик;
- Познавање на Инкотермс;
- Напредно познавање и работа во Офис пакети (Word, Excel, Power point)
- Со и без работно искуство;
- Педантност и ажурност при извршување на работните задачи, позитивен однос и одговорност кон работата;
- Спремност за обука и унапредување на своето знаење.

**Компанијата нуди:**

- Соодветен паричен надоместок за работа со редовно работно време од 40 часа неделно + дополнителен бонус, зависно од успешноста во извршувањето на работните задачи;
- Обезбеден и платен топол оброк;
- Годишен одмор од 24 работни дена;
- Работа во интернационална компанија, динамично работење исполнето со нови предизвици и можности за стекнување нови искуства, вештини и напредување во кариерата.

Сите заинтересирани апликанти, Ве покануваме да ја доставите вашата биографија на следниот емаил : **kontakt.slmajning@gmail.com** со назнака за - Оглас за комерцијалист,

Апликациите ќе се прифаќаат до 04.06.2025 година.
Само потесно селектирани кандидати ќе бидат контактирани.
Ви благодариме за Вашиот интерес.